**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

**Бр.** 02-1244/2
18.10.2018 **година**

## ЗАПИСНИК

од 3-та седница на Надзорен одбор одржана на ден 08.10.2018 година во просториите на Стоматолошка комора на Македонија

На третата седница на Надзорен одбор, одржана на ден 08.10.2018 година, присуствуваа членови на Надозорниот одбор во состав од Претседателот на Надзорен одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски, д-р Зоран Целакоски, д-р Зилбехар Мехмеди, д-р Антонио Жунгулов, д-р Хајредин Сулејмани д-р Сабетин Черкези , како и поканетите од председател на НО на СКМ Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија д-р Маријан Денковски и Претседателот на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија д-р Оливер Манасиев.

Седницата започна со тоа што, членовите на Надзорниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија го разгледаа и едногласно усвоиа преглед-дневниот ред. Веднаш потоа се разгледа првата точка од дневниот ред односно записникот од претходната седница кој истотака едногласно се усвои.

По однос на втората точка од дневниот ред, целиот состав на Надзорниот одбор на СКМ дискутираше и се задржа на моменталната ситуација која е настаната по однос на доставените барањата за разгледување на барање до претседателот на Собранието на СКМ, д-р Оливер Манасиев од трите регионални одбори, РО Прилеп, Крушево и М.Брод, понатаму РО Охрид и Дебарца како и РО Гази Баба во кои беше посочено да истите ги разгледа и Надзорниот Одбор.

Председателот на НО на СКМ првин даде збор и побара изјава од претседателот на Комората. Д-р Маријан Денковски по однос на ова и по одржаниот состанок во Охрид, истакна дека за овие барања бил информиран од председателот на Собрание на СКМ и за истото за време на престојот во Охрид разговарал и со членовите на РО на Охрид. Во Охрид по состанокот со Собирот на доктори на одвоена седница со членовите на РО Охрид тој ги запознал сите членови со сите документи кои се во архива на Комората по однос на сите поставени прашања. По неговото објаснување и по увидот во документацијата пред РО Охрид повеќето членови на одборот истакнале дека за наведените „нерегуларности" имале некои информации но дека со текстот на барањето и со имињата наведени во него не биле запознаени. Др Денковски истакна дека има сомневање во намерите на подносителот и потписникот на дописот и дека се сомнева дека и потписникоте автор на барањето со самото тоа што стои дека седницата била одржана на во јули , а барањето е испратено на 12.09 . Поради сите факти Др Денковски истакна дека побарал од сите членови на РО Охрид да се состанат упште еднаш и да ги

Арх. знак 0203
Рок на чување тр.
18-10 20 18 год.
Потпис,

изанализираат сите информации кои им ги презентира , кои патем речено ги има во писмена форма (копии на оригинали) и членот на РО Охрид и член на НО на СКМ Др Целакоски по што очекува да РО повторно се произнесе по истите барања., но и во однос на тоа дали воопшто сите членови на одборот се запознаени со содржината на барањето и записникот од одржаниот состанок доставен до Стоматолошката комора на Македонија.

На седницата на членовите на Надзорниот одбор на СКМ им беше прочитано правното толкување од правниот консултант на Комората, адвокатската канцеларија Ристовска Вујиќ кое се однесува на барањата од трите погоренаведени регионални одбори каде што адвокатската канцеларија се произнесе со следното:

***По разгледување на доставените барања од страна на регионалните одбори до претседателот на Собранието на СКМ д-р Оливер Манасиев и изнесените неправилности во самото барање и внатрешните акти на Комората, како и дали е потребно верификација на мандати на Претседател и негови заменици го даваме следното мислење:*

*Верификација на мандат на Претседател на СКМ и негови заменици кои се делегати по функција (согласно член 19 став став 3 од Статутот на СКМ и член 20 од за избор и отповикување на членови на регионални одбори, делегати на Собрание и претседател на СКМ (во понатамошниот текст само Правилник)), би било потребно доколку:*

1. *Претседателот на СКМ и негови заменици се избрани од редот на членови на Комората кои не се делегати во Собранието со верифициран мандат;*
2. *или во случај да Делегат на Собрание си дал писмена оставка до Претседател на Собрание, и таа оставка да е констатирана од страна на Претседателот на Собранието (согласно член 47 од Деловникот за работа на Собрание).*

*Согласно член 36 став 1 од Статутот на СКМ Претседателот на Комората го избира Собранието на Комората од редот на членовите на Комората (значи не од редот на делегати на Собрание), а во член 24 од Правилникот за избор и отповикување на членови на регионални одбори, делегати на Собрание и претседател на СКМ е видно кои услови треба да ги исполнува Претседателот. За Претседател на Комора може да биде избрано и лице кое не е делегат во Собрание. Во тој случај е потребно верификација на мандат на Претседателот на Комора како делегат на Собрание.*

*Доколку за Претседател на Комора е избрано лице кое има верифицирано мандат како делегат на Собрание, не е потребно повторна верификација на мандат. Со изборот на овие лица за Претседател на СКМ и потпретседател на СКМ не го губат мандатот на делегат во Собрание, туку единствено стануваат делегати по функција. Ниту еден акт на СКМ, ниту пак било кој законски пропис предвидува верификација на мандат на делегат на веќе верифициран мандат на делегат по избирање на делегатот за Претседател на Комората.*

*Видно од записниците за конститутивната седница на Стоматолошка комора на Македонија од ден 12.04.2018 година, мандатите на посочените лица Марјан Денковски и Коста Изов се верифицирани (48 делегати), па со верифициран мандат се стекнале со права и должности согласно член 4 и член 11 од Деловникот за работа на Собранието.*

*Престанувањето на мандатот на делегат во Собрание е дефинирано во член 57 од Правилникот, како и во член 5 став 2 од Правилникот, па доколку посочените лица до*

*продолжение на изборно конститутивната седница седницата одржана на 03.07.2018 година поднеле писмена оставка како делегати и таа оставка е констатирана од страна на Претседателот на Собрание на 03.07.2018 година, или согласно член 5 став 2 од Правилникот е отповикан како делегат од страна на Собранието, во тој случај е потребна верификација на мандатот на Претседателот и неговите заменици како делегати на Собрание, за да може да ги остваруваат правата и должностите како делегати на Собрание.*

*Во сите други случаи, Претседателот на Комората и неговите заменици кои имаат верифициран мандат како делегати на Собрание пред нивен избор за Претседател или заменик ги остваруваат сите права и должностите на Делегат на Собрание.*

*Согласно член 11 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ, Собранието ја продолжува работата со членовите на кои им е верификуван мандатот, освен во колку се оспорени толку мандати кои го оневозможуваат потребниот кворум за работа.*

*Согласно член 25 пак, Собранието донесува полноважни одлуки од кога ќе биде верифициран мандатот на членовите и откога ќе биде обезбеден потребниот кворум за работа и одлучување. Кворумот за работа и одлучување на Собранието се изведува од бројот 50, односно од вкупниот број на делегати на Собранието колку што е определено во член 19 од Статутот на Комората. За да може Собранието да започне со работа мора да бидат присутни мнозинство од вкупниот број на делегати, односно најмалку 26 члена на Собранието. Собранието одлучува полноважно со мнозинство гласови од присутниот број на делегати, а притоа ако гласале една третина од вкупниот број на делегати на Собранието.*

*Доколку на седницата од 03.07.2018 година органите и телата се конституирани со кворум за работа на Собранието, и Собранието донело одлука со мнозинството определено во член 25 нема прекршување на актите на Комората ниту на Законот за здравствена заштита.*

*Лицето кое дало оставка на делегатско место, останува член на регионален одбор, освен доколку согласно член 5 став 2 од Правилникот не е отповикан од избирачкото тело кое го избрало, или не му престанал мандатот како член на регионален одбор од причини дефинирани во член 57 од Правилникот. Резултатите од изборот за член на регионален одбор и утврдената конечна листа од страна на ЦИК по конечноста се непроменливи.*

*Согласно член 59 за нов делегат во Собранието на Комората стапува следниот член од регионалниот одбор кој имал најголем број на гласови на последните одржани избори. Видно од конечната листа на членови во Регионалните одбори Д-р Снежана Стојманова по веќе избраните делегати доаѓа на прво место по освоени гласови, а потоа Д-р Емица Младеновска Спасиќ, па сметаме дека Верификационата комисија правилно одлучила, што е во согласност и со член 43 од Правилникот - За избрани делегати во Собранието на Комората се сметаат канидатите за членови на регионалните одбори кои добиле најмногу гласови. Видно од Изјавата која ми е доставена во прилог Д-р Снежана Стојмановска не дала оставка на место делегат со верифициран мандат, туку како кандидат за делегат и со точно наведување дека е согласно на нејзино место да стапи Д-р Горан Колевски, но и понатаму останува член на регионален одбор. Од ова произлегува дека не се повредени ни членовите 20 и 59 од Статутот.*

*Во внатрешните акти на Комората не сретнавме член кој забранува во ист изборен циклус да едно лице биде два пати делегирано.*

*По читањето на правното толкување, се надоврза и Претседателот на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, кој истакна дека согласно член 19 став 3 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија и член 20 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори е наведено дека делегати на Собрание по функција се Претседател на Комората и замениците на претседателот на Комората , а истотака согласно став 5 од истиот член Собранието го сочинуваат делегати чив број не е повеќе од 50, не вклучувајќи ги претседателот на Комората и неговите заменици кои се делегати по функција, јасно е дека произлегува потреба од пополнување на испразнетите места со нови делегати кои ќе се делегираат како претставници од нивни регионални одбори и согласно член 59 од Правилникот за избор и отповикување на членови на регинонални одбори, делегати на собрание и претседател на Комора, за нов делегат стапува следниот член од регионалниот одбор кој имал најголем број гласови од последните одржани избори.*

*Па во однос на ова претседателот на Комората д-р Маријан Денковски и заменикот на претседател д-р Коста Изов се од РО Куманово и РО Струмица и согледувајќи го Извештајот за конечни резултати на ЦИК на СКМ како и одредбите на Статутот на Комората и Правилникот за избор и отповикување на членови на регионални одбори, делегати во Собрание и претседател на Стоматолошката комора на Македонија, определувањето за овие региони е согласно член 59 став 1 и 3, додека пак за местото на д-р Ферати, пополнување на член од Ро Тетово е согласно член 59 став 4, за што за процедурата дополнително треба да се произнесе ЦИК на СКМ.*

По ова изјава даде и др Оливер Манасиев кој повтори на кој начин , зошто и поради кои факти е неодржливо тврдењето на регионални одбори по однос на делегатскиот статус на делегати по функција и потенцира дека не гледа воопшто конструктивност и барање почитување на Статут и Правилник и Закони во самите барање туку гледа нешто друго. Тој ојасни дека на седницата кажал дека согласно член 19 став 3 од Статутот на СКМ и член 20 од Правилникот за избор Делегати на Собранието,констатирал дека делегати на Собрание по функција се Претседателот на Комората и замениците на Претседателот на Комората. Согласно став 5 од истиот член Собранието е составено од најмногу 50 делегати, не вклучувајќи ги Претседателот на Комората и неговите заменици кои се делегати по функција. Како на изборната седница се избрани Претседателот на СКМ и негови двајца заменици, произлегла потреба да се пополнат три испразнети места за делегати во Собрание и
согласно член 59 став 3 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делагати на Собрание и претседател на СКМ , констатирал деака за нов делегат во Собрание на Комора на место на делегат чиј мандат престанал стапува следниот член од регионалниот одбор кој имал најголем број на гласови од последните одржани избори. Со тоа истакна Др Манасиев воопшто не држи кажаното дека има неверифициран мандати зошто мандатите на Др Денковски и Др Изов се веже верифицирани и истите имаат дадено и свечена изјави.

По ова , Д-р Топузоски предложи бидејќи има иста ситуација , исти барања до НО на СКМ , дури и со исти печатни грешки од три регионални одбори на самата седница да се побараат изјави од секој посебно од сите погоре напоменатати три региони во однос на состанокот кој што го одржале и за тоа да

има и записник, во однос на тоа што се дискутирало на состанокот како и поединечни изјави од секој член на регионите., што се прифати од НО на СКМ.

Надзорниот одбор побара поединечно од секој член од трите регионални одбори да се изјаснат врз основа на што е заклучокот дека д-р Маријан Денковски и д-р Коста Изов претходно доставиле оставка на избрани делегати, а се повикуваат на делегати по функција, врз основа на кој документ или извештај или записник на Централна изборна комисија на СКМ е констатирано дека д-р Снежана Стојмановска не е член на регионален одбор иако тоа е наведено со Конечниот извештај на ЦИК на СКМ за конечни резултати од изборите за членови на регионални одбори и делегати во Собранието на СКМ одржани на ден 23.03.2018 година и од прегласувањето на 31.03.2018 година.

Во изјавите членовите на РО треба да се изјаснат дали биле точно информирани за текстот и содржината на барањата, а од два регионални одбора РО Прилеп и РО Охрид и Дебарца се побара да се изјаснат зошто барањата од посочените РО се пристигнати во архивата на Стоматолошка комора на Македонија скоро нецели два месеци покасно од одржаните состаноци во регионалните одбори на што конкретен одговор треба да дадат претседателите на РО Прилеп и РО Охрид и Дебарца.

Надзорниот одбор на СКМ очекува побараните писмени изјави да бидат доставени до нивната наредна седница

Од друга страна членовите на Надзорниот одбор на СКМ во однос на целата ситуација констатираа дека одлуките на Верификационата комисија се конечни и тие како орган не можат да влијаат тука, особено што тоа е веќе завршена работа, како и целокупната верификација на мандатите е завршена работа од страната на Централна изборна комисија согласно Правилник за избори каде решенијата на ЦИК на СКМ се конечни и без право на жалба.

Со оглед на тоа дека не е поента да се создава состојба која ќе ја кочи работата на Собранието и Комората, и токму затоа изјавите не се бараат со цел да се наштети лично на некој, целта е да се провери веродостојноста на состанокот кој трите РО ги имале, записниците кои ги доставиле во прилог и да се стави црта еднаш засекогаш на ситуација која непотребно се прави, да се стави ред во Комората и да почне да се работи како што треба да се работи.

Д-р Топузоски на крајот на седницата на Надзорниот одбор истакна дека врз основа на тие изјави кога ќе се добијат, Надзорниот Одбор на СКМ ќе донесе свој заклучок и треба да се изнајде решение што побрзо да се надмине оваа ситуација.

Записничар:
**Дипл. правник**
**Ана Бошковиќ**

Претседател на Надзорен одбор на СКМ
**Д-р Ѓорѓи Топузоски**